**GfK Custom Research**

# Соопштение за јавност

Датум
14 Јули, 2010

Боге Божиновски
Тел. +389 2 312-6001
Факс + 389 2 313-3980
boge.bozinovski@gfk.com.mk

**Повеќето Македонци последен пат на концерт – пред повеќе од една година**

**GfK Skopje спроведе истражување за тоа колку често и каква музика слушаат граѓаните на Македонија и колку посетуваат концерти. Резултатите покажуваат дека повеќе од половина од испитаниците (дури 55%) последен пат на концерт биле пред повеќе од една година. Во однос на жанрот најмногу се слуша забавна и народна музика, а потоа следат поп и рок музиката. Хеви метал и панк музиката се наоѓаат на дното од листата.**

**Колку часови дневно слушаат музика?**

Голем процент од граѓаните (28% од испитаниците) обожаваат да слушаат музика  односно изјавиле дека слушаат музика повеќе од 4 саати дневно. Само 17% изјавиле дека воопшто не слушаат музика.
Разликите помеѓу половите покажуваат дека дури 20% од женскиот пол изјавиле дека не слушаат музика споредено со 13% од машките испитаници.
Испитаниците на возраст од 14 до 29 години (38%) најмногу слушаат музика над 4 часа, додека само 5% од нив не слушаат музика.
Учениците, студентите и вработените слушаат најмногу музика, додека дури 55 % од домаќинките и 48 % од пензионерите не одвојуваат време за слушање музика.
Распределено по региони, скопјани слушаат најмногу музика, додека најголем процент од граѓаните на северозападниот дел на Македонија (27%) изјавиле дека не слушаат музика.

**Каква музика слушаат граѓаните?**

Во Македонија се слуша забавна (28%) и народна (22%) музика, по што следат поп (14%) и рок (13%) музиката. Потоа следуваат класичната, електронската музика, R&B, хип хоп, диско и џез музиката со околу 3%, за на крај од листата да се најдат амбиенталната, хеви метал и панк музиката. Испитувањето покажа дека кај женскиот пол има повеќе вљубеници во забавната музика, многу мала предност кај народната и класичната музика, додека сите останати жанрови се попреферирани од страна на машкиот пол.

GfK Skopje
Водњанска 50
1000 Скопје

Тел. +389 2 312-6001
Факс + 389 2 313-3980
info.macedonia@gfk.com.mk
www.gfk.com.mk

Управител
Весна Кузмановиќ

За постарите може да се каже дека повеќе слушаат забавна и народна музика, но и класична и џез музика. Во однос на регионите не постои разлика во слушањето на забавна музика односно забавната музика се слуша насекаде. Народната песна се слуша помалку во југозападниот дел и Скопје, за разлика од другите делови на Македонија.
Интересен е фактот дека дури 43% од испитаниците одговориле дека не им е битен жанрот на музиката која ја слушаат што укажува дека селекцијата на жанрот не е важна кај поголемиот дел од населението кое слуша музика.

**Колку често одат на концерти?**
Повеќе од половина од испитаниците, дури 55%, последен пат на концерт биле пред повеќе од една година. Во последните 6 месеци концерт посетиле само 17% од граѓаните, а 19% изјавиле дека воопшто не одат на концерти. Бројот на лицата кои не одат на концерти е поголем кај женскиот пол и кај испитаниците над 30 години.
Скопјани најмногу ги посетуваат концертите (дури 28% во последните 6 месеци) заради организацијата на концертите во метрополата. Од нив само 10% не одат на концерти. Најмалку концертите ги посетуваат граѓаните на северозападниот дел од Македонија (31% изјавиле дека не одат на концерти).
Најмногу на концерти одат учениците, студентите и вработените граѓани. Од друга страна, пак, најголемиот дел од невработените не одат на концерти и не посетиле концерт во последната година.

**На кој концерт биле последен пат?**
Најмногу испитаници изјавиле дека последен пат биле на концерт на Жељко Јоксимовиќ, Billy Idol, David Guetta, 50 Cent и Van Gogh. Освен тоа, голем процент од граѓаните наведуваат дека имаат посетено хуманитарен концерт. Претставниците од машкиот пол повеќе ги посетиле David Guetta, Billy Idol и 50 Cent. Концертите од 50 Cent, DJ Morandi, Слаткар и Влатко Илиевски се посетувани само од младата популација, додека Жељко Јоксимовиќ, хуманитарните, Billy Idol и Van Gogh се посетени од сите генерации.

***За истражувањето***
Истражувањето беше спроведено во текот на Јуни, 2010 по пат на телефонска анкета на репрезентативен примерок од 1000 испитаници на возраст 15 до 50 години

Повеќе информации: Боге Божиновски, GfK Skopje,
tel. +389 2 3126 001, boge.bozinovski@gfk.com.mk

**GfK Skopje** беше основана во 2000 година како STRATUM Research и претставува првата македонска компанија која дава услуги од областа на истражување на пазарот, како и информации и анализа за производите и услугите наменети за консументи. Во 2007 година станува дел од GfK Групацијата.

Вработените во GfK Skopje се искусни експерти од областа на психолигија, социологија, економија, статистика и други области.

Има мрежа од повеќе од 250 интревјуери во Македонија и околу 100 интервјуери во Косово, 5 супервизори во Македонија и 3 супервизори на Косово.

Има 20 работни единици достапни за телефонски анкети со помош на компјутер (CATI) центарот во Скопје, 30 обучени интервјуери за телефонски анкети и современо опремено студио за фокус групи.